2017

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА МАЛИ И МИКРО БИЗНИСИ

Пријавување, утврдување и плаќање на годишен данок на вкупен приход

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>Република Македонија<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 12.06.2017 година |
| Уредници: | Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација<br>Дарко Стаменковски - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Канцеларија за односи со јавност и комуникација |
| Наслов: | Поедноставен даночен режим за мали и микро бизниси |

ISBN: 978-608-4592-84-6
Бр: 10-4526/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/46



**2017 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....2

ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА МАЛИ И МИКРО БИЗНИС....4
Услови за влез во поедноставениот даночен режим....4
Трговски друштва кои се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход....5

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЦЕЛИ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД....6

ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОКОТ....8
Даночна стапка и основа за пресметување....8
Пријава за самооданочување со годишен данок на вкупен приход....8

БРИШЕЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОД РЕГИСТАРОТ ЗА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД....10
Службено бришење....10
Бришење поради промена на остварениот вкупен приход, стечај, ликвидација и престанок заради статусни промени....11
Бришење по барање на даночниот обврзник....12

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве упати на основните правила и услови за влез во „поедноставениот даночен режим“, доколку сте трговско друштво од мал и микро обем.

Преку брошурата треба да дознаете:

- ✓ Што подразбира „поедноставениот даночен режим“ за трговски друштва?
- ✓ Кои се условите за влез на трговско друштво во „поедноставениот даночен режим“?
- ✓ Кои трговски друштва се ослободени од обрвската за плаќање на годишен данок на вкупен приход?
- ✓ На кој начин се врши пресметување на годишниот данок на вкупен приход?
- ✓ Како се врши евиденцијата во Регистарот за целите на годишен данок на вкупен приход?

Во брошурата се употребени следните кратенки:

| | |
|---|---|
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ГДВП | Годишен данок на вкупен приход |
| ДБ-ВП | Даночен биланс на вкупен приход |
| ДБ | Даночен биланс за оданочување на добивка |
| ДД-ИД | Пресметка на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката |
| ТД | Трговско друштво |


ИЗБЕРЕТЕ ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ!

## ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА МАЛИ И МИКРО БИЗНИСИ

„Поедноставениот даночен режим“ или оданочувањето со годишен данок на вкупен приход овозможува поедноставување и скратување на даночните процедури за малите бизниси.

Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци и правните лица резиденти на Р.Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва и кои според природата и обемот на дејноста се сметаат за трговци, можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход, наместо да плаќаат данок на добивка.

Значи, на овие трговски друшта им се нуди можност за избор на режимот/моделот на оданочување, односно да плаќаат данок на добивка по стапка од 10% или да се определат за плаќање на годишен данок на вкупен приход во висина од 1%, во зависност од тоа кој од наведените модели сметаат дека за нив е поповолен.

### Услови за влез во „поедноставениот даночен режим“

Трговските друштва можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход под услов:

- √ да извршуваат стопанска дејност (освен дејностите за кои се предвидени исклучоци[1]); и
- √ вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот, од кој било извор да изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

Трговските друштва се определуваат за режимот на оданочување врз осова на поднесената даночна пријава до Управата за јавни приходи, и тоа:

- √ образец “ДБ-ВП“ - Даночен биланс на вкупен приход, за пресметување и плаќање на годишен данок на вкупен приход, односно
- √ образец “ДБ“ - Даночен биланс за оданочување на добивката, за плаќање данок на добивка.

1) Со годишен данок на вкупен приход не може да се оданочуваат трговските друштва кои извршуваат: банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри, без оглед на висината на остварениот вкупен приход.

Обрасците можете да ги презземете преку интернет
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled/filter/3/12

Доколку даночните обврзници се определат за „поедноставениот даночен режим“ како модел на оданочување, истиот ќе се применува и во наредните три години, вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данокот на вкупен приход, под услов во тие три години да остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

Со поедноставениот начин на утврдување на данокот, потребно ви е релативно кусо време (приближно 30 минути) за да ги пополните потребните даночни пријави за утврдување на годишниот данок на вкупен приход.

## Трговски друштва кои се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход

Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци и правните лица резиденти на Р. Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва целосно се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход под услов:

- ✓ да извршуваат стопанска дејност (освен дејностите за кои се предвидени исклучоци[2]); и
- ✓ вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да не го надминува износот од 3.000.000 денари на годишно ниво.

2) Со годишен данок на вкупен приход не може да се оданочуваат трговските друштва кои извршуваат: банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри, без оглед на висината на остварениот вкупен приход.

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЦЕЛИ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД

Управата за јавни приходи води посебен Регистар на трговски друштва за годишен данок на вкупен приход.

Управата за јавни приходи евидентирањето го врши врз основа на поднесената даночна пријава образец "ДБ-ВП" – Даночен биланс на вкупен приход, како и врз основа на податоците за искажаниот вкупен приход во Билансот на успех кон Годишната сметка и финансиските извештаи според одредбите од Законот за трговските друштва, за годината за која се утврдува данокот.

Можност за влез во „поедноставениот даночен режим" имаат:

- ✓ Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци и правните лица резиденти на Република Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва и кои според природата и обемот на дејноста се сметаат за трговци;
- ✓ Трговски друштва кај кои вкупниот приход по сите основи во деловната година за која се утврдува данокот од било кој извор, не го надминал износот од 6.000.000 денари на годишно ниво.

За новоформираните трговски друштва за кои годината за која се утврдува данокот е годината на основање (запишување во Трговскиот регистар), остварениот вкупен приход се одредува од износот на приходите остварени по сите основи во делот од годината (месеците) на работење. Овој приход се пресметува на годишно ниво, на тој начин што истиот се дели со бројот на месеците на работењето и се множи со 12 (бројот на месеците во годината).

Трговските друштва со посебен даночен статус се субјекти кои, исто така, имаат можност за влез во режимот на годишен данок на вкупен приход, доколку ги исполнуваат условите[3], и тоа:

- ✓ Заштитни трговски друштва, основани согласно Законот за вработување на инвалидни лица; и
- ✓ Трговски друштва, корисници на технолошко-индустриска развојна зона, основани согласно Законот за технолошки-индустриски и развојни зони.

3) Услови предвидени во член 31 и 33 од Законот за данокот на добивка.

Даночни обврзници кои немаат можност за влез во „поедноставениот даночен режим“:

- √ Домашни правни лица кои не водат сметководство согласно одредбите на Законот за трговски друштва;
- √ Подружници на странски правни лица во Република Македонија;
- √ Трговец-поединец (ТП);
- √ Трговски друштва кои извршуваат дејност во областа на: банкарство, осигурување, финансиски услуги, како и дејност од областа на игри на среќа и забавни игри;
- √ Трговски друштва кои не го усогласиле своето работење со одредбите на Законот за трговски друштва од 1996 и 2004 година и не ја мигрирале својата жиро-сметка (Трговски друштва во мирување); и
- √ Субјекти над кои во година на работењето е отворена постапка на стечај и/или ликвидација.

# ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОКОТ

## Даночна стапка и основа за пресметување

Данокот на вкупен приход се пресметува во висина од 1% од износот на остварениот вкупен приход искажан во Билансот на успех кон Годишната сметка составена за деловната година за која се утврдува данокот.

Данокот се утврдува врз основа на остварениот вкупен приход по сите основи (приходи од работењето, финансиски приходи, удел во добивката на придружените друштва), во деловната година за која се утврдува данокот со примена на пропишаната процентна стапка на оданочување.

## Пријава за самооданочување со годишен данок на вкупен приход

Утврдувањето на годишниот данок на вкупен приход се врши на пријавата за самооданочување (образец “ДБ-ВП“), која може да се преземе преку http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/65

Образецот “ДБ-ВП“ – Даночен биланс на вкупен приход се доставува до Управата за јавни приходи, најдоцна до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето.

Даночниот биланс на вкупен приход (образец “ДБ-ВП“) може да се достави најдоцна до 15-ти Март, доколку даночниот обврзник Годишната сметка до Централниот регистар на РМ ја доставил во електронска форма.

Плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Трговските друштва кои се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход се должни до Управата за јавни приходи да доставаат Даночен биланс на вкупен приход (образец “ДБ-ВП“) најдоцна до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето. Даночниот биланс на вкупен приход (образец “ДБ-ВП“) може да се достави најдоцна до 15-ти Март, доколку даночниот обврзник Годишната сметка до Централниот регистар на РМ ја доставил во електронска форма.



## БРИШЕЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОД РЕГИСТАРОТ ЗА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД

### Службено бришење

Трговските друштва се бришат од евиденцијата, односно од Регистарот на даночни обврзници кои пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход и не се оданочуваат со годишен данок на вкупен приход, доколку Управата за јавни приходи утврди дека трговското друштво:

✓ во претходната година не ги исполнило бараните услови[4] за влез во „поедноставениот даночен режим“, во однос на пропишаниот вкупен приход кој во годината за која се утврдува данокот е поголем од законски пропишаниот максимален износ (над 6.000.000 денари). Наведеното се утврдува врз основа на извршениот преглед на годишните сметки (преземени од Централниот регистар на РМ), како и од работните книги на трговското друштво.

✓ не ги исполнило бараните услови[5] во однос на претежната стопанската дејност за која е дозволено регистрирање за целите на оданочувањето со годишен данок на вкупен приход, односно врз основа на увидот во Годишната сметка и од работните книги на трговското друштво се утврди дека остварените приходи за годината се од вршење на дејност/ти за која/и е исклучено правото за влез во „поедноставениот даночен режим“ на годишен данок на вкупен приход како што се: банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри.

✓ во своето работење, со поврзаното лице остварува значаен меѓусебен промет на начин и по цени кои се разликуваат од цените кои се воспоставуваат со независни субјекти или трговското друштво презема обврски и искажува расходи поврзани со работењето со поврзаното лице, со цел да се постигне намалено плаќање на данокот.

4) Услови предвидени во член 31 и 33 од Законот за данокот на добивка.
5) Услови предвидени во член 31 и 33 од Законот за данокот на добивка.

Доколку се исполнети условите за бришење од Регистарот, Управата за јавни приходи ќе покрене постапка на бришење на даночниот обврзник од режимот на оданочување со годишен данок на вкупен приход и ќе наложи плаќање на данок на добивка.

Платениот данок на вкупен приход за годината, ќе се смета за аконтација на данокот на добивка.

### Бришење поради промена на остварениот вкупен приход, стечај, ликвидација и престанок заради статусни промени

Трговски друштва евидентирани во Регистарот за годишен данок на вкупен приход, кои што во една од наредните даночни периоди (години) по годината на влез во поедноставениот даночен режим, ќе престанат да постојат поради стечај и ликвидација, како и поради настанување на статусна промена (присоединување, спојување, поделба), имаат обврска со денот на отворањето на постапката на ликвидација или стечајна постапка или на настанувањето на статусна промена да го утврдат вкупниот приход за периодот од годината во кој што работеле (во Билансот на успех кон Годишната сметка), како и износот на пресметаниот вкупен приход на годишно ниво, заради утврдување на долгуваниот данок за работењето во таа година.

Пресметувањето на вкупниот приход на годишно ниво, се врши на ист начин кој што е пропишан за субјектите кои во даночниот период (годината) започнуваат со вршење на дејност, односно со поделба на остварениот вкупен приход од почетокот на годината заклучно до денот на поведувањето на постапката на стечај и ликвидација, односно на настанувањето на статусната промена со бројот на месеците на работењето (пр. за период од 1 јануари до 28 мај, со бројот 5). Добиениот износ се множи со 12 (вкупниот број на месеците во годината).

Доколку вака добиениот износ е помал од 6.000.000 денари, трговското друштво за наведениот период плаќа годишен данок на вкупен приход, но доколку овој износ е поголем трговското друштво има обврска за наведениот период да пресмета и плати данок на добивка.

## Бришење по барање на даночниот обврзник

Во случај на престанок на постоење на потребните услови за оданочување со годишен данок на вкупен приход, се поднесува Даночен биланс за оданочување на добивката (образец "ДБ"), заради бришење на трговското друштво од Регистарот, по истекот на годината за која престанале да постојат условите.

Во случај на престанок на постоење на потребните услови за оданочување со годишен данок на вкупен приход, односно по истекот на трите години[6] (вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход) од кога трговското друштво се определило да плаќа годишен данок на вкупен приход, меѓутоа истото се определува да го смени режимот/моделот на оданочување, се поднесува Даночен биланс за оданочување на добивката (образец "ДБ"), заради бришење на трговското друштво од Регистарот, по истекот на годината за која престанале да постојат условите.

6) Услови предвидени во член 33 од Законот за данокот на добивка.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Димитар Илиевски – Мурато" бр.24-а,
7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

Инфо центар 0800 33 000

Пријави неправилности 198

https://etax-fl.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-84-6